**Проект: Социјално претприемништво за млади жени Ромки – РОМАНСЕ**

# Прашања и одговори поврзани со Јавниот повик за доделување на мали грантови за промоција на социјалното претприемништво за млади жени Ромки во Северна Македонија

**Прашање 1:**

Во водичот пишува дека ГО мора да има регистрирано канцеларија/седиште во една од таргетираните општини (граѓанските организации регистрирани во Скопје се подобни за сите таргетирани локалитети во градот Скопје). Би сакале мало појаснување дали доколку немаме канцеларија/седиште во наведените општини може да аплицираме, а акцијата да се спроведува во наведените општини.

**Одговор:**

Како што е наведено во Водичот, организации кои се регистрирани во една од општините во Град Скопје и имаат седиште во една од општините во Град Скопје се подобни и можат да аплицираат на повикот и да спроведуваат активности во општина/општини на ниво на Град Скопје.

**Прашање 2:**

Дали е услов организацијата апликант да биде исклучиво ромска организација, или може да аплицира и мултиетничка граѓанска организација која работи со повеќе целни групи, вклучително и жени од ромската заедница?

**Одговор:**

Како што е наведено во Водичот, подобни организации за овој повик се Ромски, про-Ромски и младински организации, кои имаат релевантно и потврдено искуство за поддршка на инклузијата на ромската заедница, со фокус на жените Ромки.

**Прашање 3:**

Дали организација со седиште и регистрација од една општина може да имплементира активности во друга општина?

**Одговор:**

Како што е наведено во Водичот, организации кои се регистрирани во одредена општина, исклучиво треба да ги спроведуваат активностите во таа општина. На пример: организација од општина Кичево не може да аплицира и да спроведува активности во општина Гостивар.

Единствено тоа е исклучок за организациите кои гравитираат на ниво на град Скопје и се со регистрација во една од скопските општини како што е објаснето во одговорот на прашањето број 1.

**Прашање 4:**

Дали за аплицирање задолжително треба да се вклучат партнери?

**Одговор:**

Во рамките на овој повик се охрабруваат партнерства, но не е одлучувачки фактор за подобност на апликацијата.

**Прашање 5:**

Која е временската рамка за спроведување на проектите?

**Одговор:**

Како што е наведено во Водичот, временската рамка на проектите треба да се движи од 7 до 9 месеци.

**Прашање 6:**

Дали една организација може да се аплицира во две апликации како лидер и како ко-апликант?

**Одговор:**

Како што е наведено во Водичот, една организација може да аплицира и да се појави само во една апликација, како лидер или како ко-апликант.

**Прашање 7:**

Дали таргет групата на проектите треба да бидат исклучиво жени Ромки или може да се вклучат жени и од други ранливи групи?

**Одговор:**

Како што е наведено во Водичот, целна група во рамките на овој повик за апликации се исклучиво ранливи категории на жени Ромки.

Ромски Ресурсен Центар Телефон: +38976945693 Веб страна:www.rrc.org.mk
Адреса: ул. Македонија бр. 5 1/1, 1000 Скопје
Адреса за е-пошта:info@rrc.org.mk